Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 02-301/4
18.08.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

Врз основа на член 21 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Северна Македонија" број 129/2023 и 53/2024) и член 23 став 6 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" број 172/2023 и 62/2024), Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", на седницата одржана на ден 18.08.2025 година донесе:

# ДЕЛОВНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ

# ЗА РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ БРОЈ 02-461/4 ОД 08.11.2023 ГОДИНА.

## Член 1

Во Деловникот за работата на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители број 02-461/4 од 06.11.2023 година, членот 2 станува член 4 и во истиот се прават следните дополнувања:

(1) Во став 4 по точката се додаваат зборовите: „Во тој случај".
(2) Во став 5, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен кога природата на работата налага задолжително физичкото присуство, за што директорот на Академијата навремено ги известува членовите."
(3) Во став 7 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „и базата на студии на случај за полагањата во рамки на практичната настава."

(4) Во став 8 по зборовите „завршниот испит," се додадава зборовите „практична настава".

## Член 2

По членот 2 се додава нов наслов и член 3 кој гласи:

## Надлежности на Програмскиот совет

Програмскиот совет ги има следниве надлежности:

- донесува Деловник за својата работа,
- утврдува Предлог-програма за приемен испит, почетна обука и завршен испит,
- утврдува Предлог-програма за континуирана (задолжителна и доброволна обука),
- утврдува Предлог-програма за новоизбраните судии во основните судови и јавни обвинители во основните јавни обвинителства,
- утврдува Предлог-програма за специјализирана обука на судиите поротници, судските службеници и други специјализирани програми,
- го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност,
- ги следи и обновува програмите за обука,
- дава насоки за наставните методи и техники,
- дава мислење за листата на предавачи,
- врши оценување и евалуација на работата на предавачите на Академијата,
- врши оценување и евалуација на работата на менторите,
- врши верификација на базите на прашања и базите на студиите на случај,
- дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата и
- врши други работи согласно со Законот за Академија, Статутот и актите на Академијата.

## Член 3

(1) Членот 3 станува член 2.

(2) Членовите 4 и 5 стануваат членови 5 и 6.

## Член 4

Членот 6 станува член 7 и во истиот се прават следните дополнувања:

(1) Во став 3 по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите: „односно претседавачот на седницата“.

**Член 5**

Членовите 7,8,9,10 и 11 стануваат членови 8,9,10,11 и 12.

**Член 6**

Овој Деловник за дополнување на Деловникот за работата на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители влегува во сила со денот на неговото донесување, а се објавува на веб страницата на Академијата.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

Директор,

Ирина Трајкоска Стрезоски

______________________________